Михаил Булгаков

# ЃАВОЛИЈАДА
# КОБНИ ЈАЈЦА

Книгата е објавена со финансиска поддршка од:

ИНСТИТУТ ПЕРЕВОДА

БИБЛИОТЕКА – *ARS MAGNA*

Главен уредник
*Филип Димевски*

Наслов на оригиналот
*Михаил Афанасьевич Булгаков,*
*ДЬЯВОЛИАДА / РОКОВЫЕ ЯЙЦА*

Превод од руски јазик
*Фросина Манева*

Јазична редакција
*Миле Иваноски*

Компјутерска обработка
*БЕГЕМОТ*

Ликовно уредување
*Бојан Димитријевиќ*

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

*Михаил Булгаков*

# ЃАВОЛИЈАДА
# КОБНИ ЈАЈЦА




Скопје, 2015

# КРАТКА СОДРЖИНА

ЃАВОЛИЈАДА ..... 7
КОБНИ ЈАЈЦА ..... 61

# ЃАВОЛИЈАДА

## ПРИКАЗНА ЗА ТОА КАКО БЛИЗНАЦИТЕ ГО УНИШТИЈА ДЕЛОВОДИТЕЛОТ

# I
# НАСТАНОТ НА 20-ТИ

Во тоа време кога сите луѓе преминуваа од една служба во друга, другарот Коротков долго работеше во Главната централна база за материјали за кибрити, на цивилна должност како деловодител и таму работеше цели 11 месеци.

Откако си го загреа местото во Спимат, нежниот, тивок русокос Коротков од својата душа ја беше избришал мислата дека на светот постојат таканаречени преврати на судбината и беше уверен во тоа дека тој, Коротков, ќе служи во базата до крајот на постоењето на Земјината топка. Но, за жал не излезе баш така...

На 20 септември 1921 година благајникот на Спимат ја навлече на главата својата одвратна шапка со наушници, во чантата го стави испишаниот налог за исплата и излезе. Тоа се случи во 11 часот претпладне.

Во 4 и 30 попладнето благајникот се врати сосема намокрен. Влегувајќи ја истресе водата од шапката, ја стави на масата, а врз неа чантата и рече:

„Не се туркајте, господа“.

Потоа прелета со очите по масата, излезе од собата и за четврт час се врати со голема мртва кокошка со свиткан врат. Кокошката ја стави врз чантата, врз кокошката – својата десна рака и рече:

„Пари нема да има“.

„Значи, утре?“, во хор извикаа жените.

„Не“, благајникот ја заврте главата, „и утре нема да има и задутре. Не туркајте се, господа, ќе ми ја превртите масата“.

„Како?“, вреснаа сите, вклучително и наивниот Коротков.

„Граѓани!“, со плачлив глас запеа благајникот и со лакотот одмавна кон Коротков. „Ве молам!“

„Ама како тоа?“, врескаа сите гласно, а најгласен беше комичниот Коротков.

„Еве, повелете“, со засипнат глас промрморе благајникот и откако го извади налогот за наплата од чантата, му го покажа на Коротков.

На тоа место, каде што беше забоден нечистиот нокт на благајникот, накосо беше напишано со црвено мастило:

*Да се издаде*
*За д. Саботников – Сенат*.

Подолу со виолетово мастило беше напишано:

*Пари нема*
*За д. Иванов – Смирнов*.

„Како?“, Коротков вресна сам, а останатите ’ржејќи се нафрлија врз благајникот.

„Ах, Господе!“, расеано заплака тој. „Зошто сум јас крив тука? Боже мој!“

Забрзано го стави налогот за исплата во чантата, ја навлече шапката, чантата ја стави под пазувите, замавна со кокошката и вресна: „Пуштете ме, ве молам!“, и правејќи си пат низ живиот sид, исчезна низ вратата.

Со пискање, на високи потпетици, по него трчаше бледата регистраторка, левата потпетица ѝ се скрши кај вратата и, нишајќи се, ја крена ногата и ја извади обувката.

Во собата остана таа, со една боса нога, и сите останати, меѓу кои и Коротков.

## II
## ПРОДУКТИ ОД ПРОИЗВОДСТВОТО

Три дена по опишаниот настан вратата на одделната просторија, каде што работеше другарот Коротков, се подотвори и расплакана женска глава злобно рече:

„Другар Коротков, одете да си ја примите платата“.

„Како?“, радосно извика Коротков и, потсвирнувајќи си ја увертирата од *Кармен*, потрча во собата со натпис „благајна“. Застана пред бирото на благајникот и широко ја отвори устата. Два дебели столба, кои се состоеја од жолти пакетчиња, се извишуваа до таванот. За да не одговара на никакви прашања, испотениот и вознемирен благајник со шпенадла го закачи на sидот налогот за исплата, на кој сега имаше и трет натпис со зелено мастило:

*Да се исплати со продуктите од производството.*

*За д. Богојавленски – Преображенски.*
*И јас сметам така – Кшесински.*

Коротков излезе од кај благајникот, насмевнувајќи се широко и глупаво. Во рацете држеше четири големи жолти пакетчиња, пет мали зелени, а во џебовите тринаесет сини кутивчиња кибрит. Во својата соба, слушајќи ја бучавата на избезумените гласови во канцеларијата, ги спакува кибритите во два огромни листа од денешен весник и не кажувајќи никому, од работа си отиде дома. На влезот од Спимат за малку не падна под автомобилот во кој некој се возеше, но кој беше тоа Коротков не успеа да види.

Откако пристигна дома, ги извади кибритите на масата и, оддалечувајќи се, им се восхитуваше. Глупавата насмевка не се симнуваше од неговото лице. Потоа Коротков ја разбушави русата коса и си рече сам на себе:

„Па добро, да се очајува долго нема потреба. Ќе се потрудиме да ги продадеме“.

Тропна на вратата кај својата сосетка Александра Фјодоровна, која работеше во Губвинсклад.

„Влезете“, тивко се одзва во собата.

Коротков влезе и се вџаши. Предвреме вратената од работа Александра Фјодоровна во палто и шапка клечеше на подот. Пред неа стоеше ред шишиња, со тапи од хартија од весник, наполнети со густа течност со црвена боја. Лицето на Александра Фјодоровна беше расплакано.

„46“, рече таа и се сврте кон Коротков.

„Тоа е мастило?... Здраво Александра Фјодоровна“, проговори поразениот Коротков.

„Црковно вино“, липајќи одговори сосетката.

„Како, зарем и вам?“, воздивна Коротков.

„И вам истото?“, се изненади Александра Фјодоровна.

„Нам – кибрити“, со глас како пред умирање одговори Коротков и го заврте копчето од сакото.

„Нели тие не горат?“, извика Александра Фјодоровна, исправајќи се и местејќи си го здолништето.

„Како тоа, не горат?“, се исплаши Коротков и побрза во својата соба. Таму, не губејќи ниту една минута, го дофати кутичето, набрзина го отвори и го запали чкорчето. Тоа со шуштење се запали и распламти зеленкаст оган, се скрши и згасна. Коротков, задушувајќи се од тој остар мирис на сулфур, болежливо се закашла и го запали второто. Тоа пукна и се запалија два огнови. Првиот летна во прозорското стакло, а вториот – во левото око на другарот Коротков.

„Ау!“, вресна Коротков и го испушти кутичето.

Неколку мига преташе со нозете како пргав коњ и го притискаше окото со дланката. Потоа со страв погледна во огледалцето за бричење, уверен дека го загубил окото. Но окото си беше на своето место. Навистина, беше црвено и му течеа солзи.

„Ах, Боже мој!“, се вознемири Коротков и набрзина од комодата го извади американскиот индивидуален пакет, го отвори, ја преврза левата половина од главата и заличи на раненик во војна.

Цела ноќ Коротков не го изгасна светлото, лежеше и палејќи чкорчиња. На тој начин исчкрапа три кутивчиња, при што успеа да запали 63 чкорчиња.

„Лаже будалата“, негодуваше Коротков, „прекрасни чкорчиња“.

До утрото собата се исполни со задушлива сулфурна миризба. Пред разденување Коротков

заспа и сонуваше глупав, страшен сон: како на некоја зелена ливада пред него се појавила огромна, жива топка за билјард која имала нозе. Тоа беше толку грозно, што Коротков вресна и се разбуди. Во густата магла уште пет секунди му се причинуваше дека топката е тука, околу постелата, и многу силно му замириса на сулфур. Но потоа сето тоа исчезна; Коротков се заврте на другата страна, заспа и веќе не се разбуди.

## III
## ЌЕЛАВИОТ СЕ ПОЈАВИ

Следното утро Коротков, помрднувајќи го завојот, се увери дека неговото око е речиси заздравено. Сепак, внимателниот Коротков реши засега да не го тргне завојот.

Појавувајќи се на работа со големо задоцнување, итриот Коротков, за да не предизвика лажни гласини меѓу пониските чиновници, директно отиде во својата просторија и на масата најде лист хартија на која раководителот на пододделот за пакување го прашуваше раководителот на базата дали на дактилографките ќе им биде издадена работна облека. Откако го прочита напишаното со десното око, Коротков го зема листот и се упати по ходникот кон кабинетот на раководителот на базата, Чекушин.

Пред самата врата на кабинетот Коротков се судри со непознат, кој го порази со својот изглед.

Тој непознат беше со толку мал раст, што на високиот Коротков му достигнуваше само до половината. Недостатокот на раст го надоместуваше

невообичаената ширина на раменатa на непознатиот. Коцкестото тело стоеше на искривени нозе, при што левата беше куца. Но најзабележливо од сè беше главата. Таа претставуваше вистински гигантски модел на јајце, хоризонтално насадено на вратот и со остриот крај напред. Таа беше ќелава исто како јајце и толку блескава, што на темето на непознатиот, не згаснувајќи, се рефлектираше светлината од електричните светилки. Ситното лице на непознатиот беше избричено до модрина, и малите зелени, како иглени глави, очи се наоѓаа во длабоки вдлабнатини. Телото на непознатиот беше облечено во растегнат, сошиен од сив покривач, мантил, од под кој sиркаше везена украинска кошула, нозете во панталони од истиот материјал и ниски, со исечок, хусарски чизмички од времето на Александар I.

»Ама тип«, помисли Коротков и се насочи кон вратата на д. Чекушин, обидувајќи се да се размине со ќелавиот. Но тој сосема неочекувано му го препречи патот на Коротков.

„Што ви треба?“, ќелавиот го праша Коротков со таков глас, што нервозниот деловодител се стресе. Тој глас беше сосема сличен на звукот на бакарен сад и се одликуваше со таква боја што кај секој што го слушаше, при секој збор во позадина, предизвикуваше чувство на чкрипење на бодликава жица. Освен тоа на Коротков му се причини дека зборовите на непознатиот мирисаат на кибрит. Без оглед на сето тоа, кратковидиот Коротков го направи тоа што во никој случај не смееше да го направи – се навреди.

„Хм... многу чудно. Јас доаѓам со документ... Дозволете да дознаам, кој сте вие...“

„А вие гледате ли што е напишано на вратата?“

Коротков погледна на вратата и го виде одамна познатиот натпис:

„Без извештај не влегувај“

„Јас доаѓам со извештај“, се извика Коротков, покажувајќи кон својот документ.

Коцкестиот ќелавко неочекувано се намурти. Неговите очи пламнаа со жолтеникави искри.

„Вие, другар“, рече, заглушувајќи го Коротков со тенеќените звуци, „толку сте умствено неразвиен што не го разбирате значењето на најпростите службени натписи. Јас навистина се чудам како сте служеле досега. Воопшто, тука кај вас е многу интересно, на пример тие преврзани очи на секој чекор. Но ништо, ние сè ќе доведеме во ред (»А-ах«, рече во себе Коротков) Дајте ваму!“

И со последните зборови непознатиот го зграпчи листот хартија од рацете на Коротков, моментално го прочита и вадејќи го од џебот изгризаниот хемиски молив, го стави листот на ѕидот и косо напиша неколку зборови.

„Одете!“, врекна и му ја тутна хартијата на Коротков, така што за малку не му го извади и другото око. Вратата од кабинетот зачкрипи и го проголта непознатиот, а Коротков остана вкочанет – д. Чекушин не беше во кабинетот.

Збунетиот Коротков си дојде на себе по половина минута, кога директно се судри со Лидочка де Руни, личната секретарка на д. Чекушин.

„А, ах!“, викна д. Коротков. Окото на Лидочка беше преврзано со ист таков индивидуален завој, со таа разлика што краевите на завојот беа врзани во кокетна машна.

„Што ви се случи?“

„Кибритите!“, раздразнето одговори Лидочка. „Проклетите кибрити“.

„Кој е оној таму?“, со шепот праша очајниот Коротков.

„Зарем вие не знаете?“, прошепоте Лидочка. „Новиот“.

„Како?“, писна Коротков. „А Чекушин?“

„Го избркаа вчера“, злобно рече Лидочка и додаде, вперувајќи го прстот кон кабинетот: „Па, измамник. Какво човече. Толку одвратен не сум видела во животот. Вика. Отказ!... Ќелави гаќи!“, додаде таа неочекувано, така што Коротков го впери окото во неа.

„Как...“

Коротков не успеа да праша. Од зад вратата на кабинетот продре страшен глас: „Курир!“ Деловодителот и секретарката во секундата се разлетаа на различни страни. Влетувајќи во својата соба, Коротков седна зад масата и сам за себе изговори:

„Аj, аj, аj... Па, Коротков, ти сам се намести. Оваа работичка треба да ја поправиш... »Умствено неразвиен«... Хм... Безобразен... Добро! Сега ти ќе видиш колку е умствено неразвиен Коротков“.

И со едното око деловодителот го прочита напишаното од ќелавиот. На листот хартија стоеја накривените зборови:

*На сите дактилографки и воопшто жени, своевремено ќе им бидат предадени војнички гаќи*.

„Ова е одлично!“, восхитено воскликна Коротков и сладострасно се растрепери, замислувајќи си

ја Лидочка во воjнички гаќи. Набрзина извади чист лист хартија и за три минути состави:

*Телефонограма.*

*До раководителот на пододделот за пакување точка. Како одговор на вашиот допис за № 0,15015 (6) од 19-ти, запирка Главспимат соопштува запирка, дека на сите дактилографки и воопшто жени своевремено ќе им бидат дадени воjнички гаќи точка Раководител тире потпис Деловодител тире Вартоломеј Коротков точка.*

Потоа зазвони и на курирот што се појави, Пантелеjмон, му рече:

„Раководителот да се потпише“.

Пантелеjмон ги подгризна усните, ја зема хартијата и излезе.

Четири часа потоа Коротков се вслушуваше, не излегувајќи од својата просторија, надевајќи се дека ако новиот директор помисли да направи обиколка на просториите, сигурно ќе го најде затрупан со работа. Но од страшниот кабинет не доаѓаа никакви звуци. Само еднаш долета нејасен тенеќен звук, кој како да се закануваше некому да даде отказ, но кому, Коротков не можеше да разбере, иако увото му беше залепено на вратата. Во 3 и 30 часот попладнето од зад ѕидот на канцеларијата одзвони гласот на Пантелеjмон:

„Заминаа со автомобил“.

Во тој момент во канцеларијата стана бучно и сите се разотидоа. Последен од сите, д. Коротков сам си отиде дома.